РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3241/1
02-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и чл. 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата по основ на доставени пријави, постапувајќи по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 51-вата седница, одржано на ден 02.09.2021 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата со број 12 - 574/1 од 27.01.2020 година, доставена од страна на подносителот -------- -- ------------- од ----------------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот со број 12-574 од 2020 година, оформен по пријавата бр. 12 - 574/1 од 27.01.2020 година.

Предметот со број 12-574 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријаваа да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-574 од 2020 година е оформен по пријава бр. 12 - 574/1 од 27.01.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од познат подносител, ------------------------ од ---------------.

Во пријавата изнесени се наводи за незадоволство од постапувањето на адвокат од ------------- во постапка водена пред надлежен суд за физичка делба на недвижен имот, во која подносителот бил предлагач а имал добиено правосилна пресуда. Подносителот на пријавата наведува дека заради недоволни документи по вина на адвокатот неговиот предмет бил оставен неуважен а неговото барање во постапката не било прифатено од судијата,па замолува ДКСК да го разгледа неговиот случај и да провери дали во предметот била донесена правилна пресуда.

Во конкретниот случај станува збор за парнична постапка за физичка делба на недвижен имот која била водена пред Основниот суд ------------ уште од 2002 година а во која од страна на надлежнот суд било постапувано во неколку наврати и биле донесени судски решенија, подносителот на пријавата како незадоволна страна против решението донесено од овој суд на 14.05.2013 година, вложил и жалба до Апелацинен суд Скопје кој постапил и донел решение по истата на 27.02.2014 година. Исто така, од страна на Основниот суд -------------, како првостепен суд биле донесени решенија за овој случај во 2018 и во 2019 година од кое не е задоволен подносителот на пријавата поради тоа што му бил одбиен предлогот за физичка делба.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

При разгледувањето на доставената пријава и доставената документација, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување има друг орган - Судскиот совет на РСМ, кој е надлежен да го цени и испитува постапувањето на судиите, судовите и претседателите на судовите, по што ДКСК оцени дека нема да презема дејствија за натамошно постапување за предметниот случај, пријавата да се отфрли бидејќи друг орган е надлежен да постапува и ДКСК нема основ за надлежно постапување, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива и
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК